РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 09-1970/1
20.10 2022 год.
БОГДАНЦИ

Врз основа на член 41 став 1 точка 14, а во врска со член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Богданци („Службен гласник на Општина Богданци" бр.04/05, 04/11, 04/15, 09/19, 02/20 и 11/21), Градоначалникот на Општина Богданци објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за финансирање на спортските активности од Буџетот на Општина Богданци за 2023 година

Како субјекти кои можат да конкурираат се спортските здруженија и други правни лица и физички лица во областа на спортот кои делуваат на територијата на Општина Богданци.

Спортски здруженија и другите правни и физички лица кои учествуваат на овој повик потребно е :
- да го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
- да го организираат и спроведуваат системот на натпревари;
- да се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри;
- да се грижат за унапредување на младите категории;

Потребна документација која спортските здруженија и други правни и физчки лица во областа на спортот треба да ја достават:
-Документација од извршена регистрација на субјектот –за здруженија и други правни лица(копија од тековна состојба) ;
- Годишна програма за работа за 2023 година или План на активности за 2023 година;
- Извештај за потрошените средства добиени од Општина Богданци за 2022 година (до денот на поднесување на пријавата).

Рок и начин на доставување на пријавите

Крајниот рок за поднесување на пријавите е **11.11.2022 година (петок) до 16 часот.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави во архивата на општина Богданци или преку пошта на адреса: Општина Богданци, ул.„Маршал Тито" бр.62, 1484 Богданци со назнака **„за финансирање на активности од областа на спортот за 2023 година".**

Резултатите од јавниот повик ќе бидат објавени во Програмата за финансирање на спортските активности во општина Богданци за 2023 година која ја донесува Советот на општината на крајот од годината и истата се објавува во „Службен гласник на Општина Богданци" и на веб страницата на Општина Богданци, www.bogdanci.gov.mk .

**Градоначалник**
**на Општина Богданци**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК БОГДАНЦИ ОПШТИНА БОГДАНЦИ